Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 196/0306
20.04 20 21 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 16 април 2021 година, врз основа на примена жалба од Бранко Героски, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Интернет – порталот „Мактел“ со текстот насловен „Медиските другарчиња на Мицковски во комичен обид да го прогласат за победник: Ја задржа лидерската позиција во ВМРО-ДПМНЕ??!?!?!“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 13 и 16.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 30 март 2021 година, новинарот Бранко Героски поднесе жалба за текстот со наслов „Медиските другарчиња на Мицковски во комичен обид да го прогласат за победник: Ја задржа лидерската позиција во ВМРО-ДПМНЕ??!?!?!“, објавен на 29 март 2021 година, на интернет – порталот „Мактел“ (www.maktel.mk).

Во жалбата се наведува дека во оспорениот текст се објавени небулозни коментари за, како што истакнува жалителот, непостоечки тези кои биле посочени како изјави на жалителот. Подносителот на жалбата, меѓу другото, истакнува дека во контекст на неговото име се споменува и навредливата референца "Алцхајмер", која, според жалителот, била со очигледна намерата за омаловажување.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Мактел“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Уредникот на медиумот, Саше Ивановски, одговори на наводите на жалбата.

Ивановски вели дека самиот подолго време бил навредуван и ословуван со непримерни зборови во колумните на жалителот, но сепак, како што потенцира, е подготвен да му се извини на Героски за зборот „Алцхајмер“. Во однос на содржината на оспорениот текст, Ивановски појаснува дека станувало збор за негова анализа и негови мислења за колумната на Героски.

*„Во жалбата не е наведено на кои точно делови од колумната зборува, но факт е дека Героски го прогласи Мицкоски за победник со самото тоа што останал лидер на ВМРО ДПМНЕ и бил легитимиран како лидер што јас сметам дека е јалов смешен обид за правење победа од очигледен пораз кога Заев доби сѐ што бараше, а за возврат даде само одложување на пописот на 6 месеци, што и онака најверојатно ќе се случеше поради пандемијата“,* вели во одговорот на жалбата уредникот на „Мактел“.

По искажаната подготвеност на Ивановски да му се извини на жалителот и случајот да се затвори по пат на медијација, новинарот Бранко Героски одговори дека не ја прифаќа таквата понуда и побара од Советот за етика да ја продолжи постапката.

*„Со оглед на фактот дека порталот Мактел со години фреквентно ги користи истиот и други навредливи изрази за мене, понудата за извинување ја сметам за неискрена. Обидот за медијација нема смисла“,* наведе Героски во комуникацијата со Советот за етика.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и едногласно одлучи дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 13 и 16.

***Член 13:*** *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот“.*

***Член 16:*** *„Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различностите на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги своите колеги“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 16 април 2021 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за текст во кој авторот прави критички осврт на колумна на новинарот Бранко Героски и изнесува лични мислења и ставови за самиот новинар. Став на Комисијата е дека новинарите имаат право на свое мислење и вредносен суд, но не можат, како во случајов, сопственото мислење да го камуфлираат како факти, особено кога некој е предмет на нивна критика. Токму таква отстапка, односно прекршување на **членот 13** од Кодексот на новинарите, констатира Комисијата за жалби во предметниот текст на „Мактел“, односно дека новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. Ова прекршување особено е нагласено во последниот пасус од текстот:

***„Патем, смешно е како Геро сѐ уште ги плука ударните медиски стратези и протагонисти блиски до Заев и ги прогласува за лузери иако Заев дојде и сѐ уште е на власт баш поради нивниот ангажман?!?! Се чини Геро сака да нѐ убеди дека да си на власт е пораз, а да си во опозиција е победа?!?!?!?!?!?! Ова дури и од ГЕРО АЛЦХАЈМЕР е премногу!“***

Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегнат дезинформирање и манипулирање со публиката. Онлајн медиумите, при пренесувањето тврдења на политички субјекти или други извори, ќе настојуваат, секогаш кога е тоа можно, да ги проверат тие тврдења, односно да не бидат само пренесувачи на “сервирани факти“ од некој друг. Со тоа, на публиката ќе ѝ овозможат да прави разлика меѓу фактите и шпекулациите или дезинформациите, особено кога станува збор за важни и актуелни случувања и теми.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Онлајн медиумите, при известувањето за секоја тема или прашање, ќе настојуваат да придонесат за подобро нејзино разбирање, преку внимателно разгледување на фактите и преку нивно соодветно поврзување, со цел да се претстави целосниот контекст и различните агли и гледишта на темата.

Во продолжение, Комисијата се согласи дека во текстот на „Мактел“ е прекршен и **членот 16** од Кодексот на новинарите, според кој новинарот ќе го чува угледот на својата професија и ќе се дистанцира од можноста да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучително и свои колеги. Ваквото прекршување е забележително во следната реченица од оспорената содржина:

***„Геро е мајстор на пропагандата и манипулацијата, тоа му е работа веќе 30-40 години.“***

Ниту новинари, ниту уредници не би смееле да се пресметуваат со свои колеги преку сопствените медиуми. Таквото однесување не само што го намалува нивниот интегритет и достоинство, туку ја урива и репутацијата на новинарската професија воопшто и ја намалува довербата на јавноста во медиумите. Онлајн медиумите ќе ги поттикнуваат и ќе се грижат за заемните односи и почит меѓу колегите во другите медиуми и ќе се воздржуваат од јавно изразување или пласирање содржини со кои ги навредуваат или им нанесуваат штета.

Наместо тоа, новинарите треба да се потпираат на правото на „фер коментар“, да поставаат разумни граници на слобода на изразување и да водат сметка за моралните стандарди кога ѝ се обраќаат на публиката. Ова, секако, не треба да го детерминира или ограничи на каков било начин правото на авторот да го избере својот сопствен стил на изразување, сè додека не е навредлив и непримерен.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

**Се обврзува интернет – порталот „Мактел“ (www.maktel.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595